ANIMA MUNDI
Здружение за заштита на животни • Animal Protection Association
Ордан Пиперката 33, 1000 Скопје • Тел: 070 / 234 906
anima.mundi.sk.mk@gmail.com

До:
Собрание на Република Македонија
Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство
Координатори на пратенички групи
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Агенција за храна и ветеринарство
Влада на Република Македонија

Предмет: Мислење, коментари и предлог амандмани врз Предлог законот за заштита и благосостојба на животните

Почитувани,

Во контекст на Предлог законот за заштита и благосостојба на животните, т.е. Првото читање закажано за 11.09.2014 година во Собранието на Република Македонија и материјалот доставен во Комисијата на разгледување http://www.sobranie.mk/materialdetails.nspx?materialId=3e62f4c6-6383-4778-90bd-06dcd8d706d9 , од причина што констатиравме дека приложениот Предлог законски текст е изменет, т.е. не е истиот што нам ни бил проследен како последен на анализа и коментари (Нацрт закон за заштита и благосостојба на животните, добиен 25.02.2014 од страна на службите на Агенција за храна и ветеринарство како конечен предлог текст испратен во процедура на усвојување ),
**повторно ви доставуваме наше мислење, коментари и коригирани Предлог амандмански промени на Предлог законот.** Пред да биде усвоен Законот , ви се обраќаме како репрезенти на голема група македонски граѓани кои се борат, залагаат и говорат во име на милиони чувствителни и интелигентни битија кои не можат да се изборат сами за себе – а тоа се животните. Веруваме дека во борбата за хуманост сме сите едногласни и на иста страна. Затоа ја бараме вашата поддршка.

Од причина што текстот е обемен, а со цел ваша полесна ориентација посочуваме **дека измените се состојат во Амандман бр. 13,** кој се однесува на Член број 28 од Предлог законот - бездомните животни и **Амандман број 14,** кој се однесува на Членот 30 од Предлог законот, категориите опасни кучиња. Другите амандмани остануваат исти. (**Прилог документ**).

**1).** Предочуваме наша исклучителна загриженост пред сè во однос на **Членот 28 кој, во конечниот предлог законски текст не ја забранува еутаназијата на бездомни животни - како што беше случај во Нацрт законот за заштита и благосостојба на животните (конечен предлог текст на Агенцијата за храна и ветеринарство испратен во процедура на усвојување) што беше суштинска придобивка на Нацрт законот кој го изготви Агенција за храна и ветеринарство.**
**Повлекувањето на забраната за еутаназија значи давање можност за произволност, нехуманост и масовно усмртување на бездомните животни во Република Македонија за што македонската и меѓународната јавност и институции, вклучително и претставници на Европскиот парламент со**

ANIMA MUNDI
Здружение за заштита на животни • Animal Protection Association
Ордан Пиперката 33, 1000 Скопје•Тел: 070 / 234 906
anima.mundi.sk.mk@gmail.com

**години реагираат и критикуваат зашто усмртувањето освен што е нехумано не дава никакви резултати во намалувањето на бројката на бездомни животни.** Впрочем, за тоа говори и последното пребројување на бездомните кучиња во главниот град, каде јасно излезе на виделина дека еутаназијата, која се спроведува од 2008 год., само незначително го има намалено бројот на кучиња. Но, затоа, пак, луѓето ги изгубија своите маалски миленици на кои беа навикнати, на чие место на слободните територии доаѓаат нови и нови единки. Од овие причини бараме да се забрани еутаназија на кучињата како механизам за надминување на проблемот со прекубројноста на бездомните кучиња , како што првично предложи Агенцијата за храна и ветеринарство, во рамки на Нацрт законот за заштита и благосостојба (Амандман бр. 13 се однесува на оваа проблематика).

2)Понатаму,во однос на кучињата, за радикален и неприфатлив го сметаме и Член 32 со кој се предвидува усмртување на кучињата кои каснале човек или животно– посочуваме животните агресијата ја учат /стекнуваат кога се стимулирани од своите сопственици и/или како резултат на траума и за таквото однесување вината треба да се бара и најде во сопствениците, а не во животните. Нашата поддршка би ја имале секогаш во спроведување најстроги казни за сите кои поттикнуваат агресија кон животните или практикуваат неодговорно сопственишто, како и забрани за таквите лица понатаму да чуваат кучиња. (Амандман 14 се однесува на оваа проблематика).

**3). Законот за заштита и благосостојба на животните е единствен правен акт кој постои да ги штити животните и нивните права и благосостојба. Поаѓајќи од таа елементарна функција на Законот, целта на неговото менување е истиот да биде унапреден и во контекст на истото е неприфатливо одредени права и законска заштита на животните да бидат одземени и сериозно уназадени во однос на сè уште актуелниот Закон за заштита и благосостојба на животните од 2007 година.**

Од тие причини, посочуваме и дека **би било скандалозно воведувањето на можноста експериментални постапки да се изведуваат врз бездомните животни, или животните кои припаѓаат на видови домашни животни; човеколиките и нечовеколиките примати, животни земени во дивината и во сите случаи кога постои меѓународно потврден алтернативен метод.** Експериментите врз животни се еден од најболните и најсурови облици на искористување на животните (примери од најчестите практики се континуирано вбризгување отрови - тестови за отровност; сакатења, ослепувања; палење, вивисекција – т.е секцирање на живо; поставување електроди во мозоците на животните, ректумот на животните и сл; вештачко стимулирање на тумори; изгладнување, изолација, психичко измачување, предизвикување страв, депресија која предизвикува шок кај животните или самоповредување - на животните) кое наидува на најсилни осуди од светската јавност. Јавното мислење, поткрепено од бројни научни истражувања и анализи укажа на морална неприфатеност, но и научна недоволна убедливост дека истите се потребни, најсоодветни или доволно ефикасни и оправдливи. Дури и членови на ЕУ Парламентот

ANIMA MUNDI
Здружение за заштита на животни • Animal Protection Association
Ордан Пиперката 33, 1000 Скопје • Тел: 070 / 234 906
anima.mundi.sk.mk@gmail.com

се согласуваат со јавните мислења кои сметаат дека оваа практика е "одвратна, варварска и неоправдана под никакви околности" и ги повикуваат владите на земјите членки да суспендираат какво било разгледување на ваквите практики, а во исто време даваат до знаење дека научната заедница има намера да се движи брзо кон целосна забрана за експериментите со животни.

Од тие причини очекуваме дека Законот за заштита и благосостојба на животните во Република Македонија во ниту еден случај нема да ја прошири можноста за вршење експерименти врз животни врз кои тоа не било претходно дозволено; дека ќе ги забрани експерименталните постапки во сите случаи кога постои алтернатива; и, секако, поттикнува развој на алтернативни методи кои нема да вклучуваат насилство врз животните кои како и луѓето чувствуваат, страдаат и сакаат да живеат**. Затоа замолуваме за ваше внимание и темелна анализа на нашите мислења дадени по однос на оваа проблематика (Предлог Амандманите 5, 6, 7, 8, 9,10, 11, 12 се однесуваат на животните искористувани за експерименти).**

**4)**. Воедно како суштински по важност сметаме дека треба да бидат проценети и генералните забрани кои ги предлагаме, а кои би претставувале кусо, прецизно и јасно ограничување на оние практики кои се насилни и исклучително болни за животните. (**Предлог Амандманот број 2 ).**

***

**Почитувани, ја искажуваме нашата голема верба дека Предлог амандманските измени на Предлог законот за заштита и благосостојба на животните**[1] ќе бидат земени предвид, темелно анализирани, прифатени и дека на овој начин ќе се обезбеди похуман третман и заштита на животните во Република Македонија.

Со почит,

Активисти на здружението за заштита на животни Анима Мунди

[1] Изработени од Здружението за заштита на животни „Анима Мунди“ во соработка со наши интернационални партнери - **претставници на *ОИПА интернешнал*; Е*вропска коалиција за прекин на експерименти врз животни* и правници од Европската мрежа на адвокати и комисионери за права на животните во EU)** , поддржани од здруженијата „Гласот за животните“, „Мали херои“, „Анималиа, „Анимал ворлд“, „Втора шанса“ , „Фауна“ - активни здруженија за заштита на животните од Република Македонија